# ОПШТИНА ШТИП

# Правилник за управување со судир на интереси

**Штип, Јуни 2023**

Врз основа на член 50 став 1 точка 16 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02) Градоначалникот на општина Штип на ден ____________________ донесе

# Правилник за управување со судир на интереси

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Правилник се дефинира судирот на интереси, видовите на судир на интереси, преземањето превентивни мерки и други активности за спречување на неговото појавување во општина Штип.

## II. СУДИР НА ИНТЕРЕСИ, ВИДОВИ, ПРЕВЕНТИВНИ МЕРКИ

Член 2

Под „судир на интереси“ се подразбира состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности.

Под поимот „блиски лица“ се подразбираат лицата во брачна или вонбрачна заедница со службеното лице, роднини по крв во права линија и во странична линија до четврт степен, роднините по сватовство до втор степен, како и секое физичко или правно лице со кое службеното лице има финансиски интерес.

Под поимот „интегритет“ се подразбира законито, независно, непристрасно, етичко, одговорно и транспарентно вршење на работи со кои службените лица го чуваат својот углед и угледот на институцијата во која се одговорно лице, односно се вработени, ги елиминираат ризиците и ги отстрануваат сомневањата во можноста од настанување и развој на корупција и со тоа обезбедуваат доверба на граѓаните во вршењето на јавните функции и во работата на јавните институции.

Избраните и именуваните лица, одговорно лице во правно лице и лице кое врши работи од јавен интерес, како носители на јавни функции, како и вработените во јавниот сектор, се службени лица и се должни во вршењето на функцијата, јавното овластување и службената должност да постапуваат со интегритет, што значи дека треба да постапуваат законски, независно, непристрасно, етички, одговорно и транспарентно, и за сите наведени се применува овој интерен акт.

Член 3

Судирот на интереси се однесува на ситуација во која непристрасноста и објективноста на одлуката, мислењето или препораката што ги донесува службеното лице во извршувањето на својата должност и јавно овластување, е или може да биде компромитирана од личниот интерес на службеното лице.

Член 4

Одговорното лице во единицата на локална самоуправа, или од него овластено лице, со решение назначува лице за контакт на службените лица за совети и консултации во врска со постоење на судир на интереси (лице за интегритет).

Лицето за интегритет изготвува годишен план за обука на службените лица во врска со детектирање и преземање на мерки за отстранување на негативни последици од појава на судир на интереси, и истите ги реализира во координација со раководството на институцијата.

Член 5

Судирот на интереси се јавува во следните форми:

1. **Судирот на интереси како состојба**

2. **Непотизам**

- Забрана на влијание за вработување блиски роднини,

3. **Неспоивост на функции, активности и поседување акционерски права**

- Забрана за вршење на други дејности
- Забрана за членство во управни и надзорни органи
- Забрана за стекнување акционерски права,

4. **Ограничување за вршење дејност**

- Ограничување за вршење дејност при вршење на јавна функција,
- Ограничување за вршење дејност по престанокот на функцијата (pantoflage – пантофлажа),
- Ограничувања во соработката со правни лица,

**5. Злоупотреба на службени податоци, буџетски средства, заеми, државна помош и државен имот**

- Забрана за злоупотреба на службени податоци,

- Забрана за користење на заеми и други видови поддршка од државата,

- Ограничување на располагањето со државен имот,

- Забрана за влијание врз постапките за јавните набавки и одговорност за економично користење на државни средства.

Член 6

Службеното лице во извршувањето на функцијата не треба да се раководи од приватниот интерес или од интересите на нему блиски лица/роднини, а своето работење да го темели на принципот на интегритет, ослободен од какви било какви влијанија.

Член 7

Судирот на интереси како состојба може да се јави како:

- Реален судир на интереси (директен судир помеѓу тековните обврски и одговорности на службеното лице и неговите постојни приватни интереси);
- Привиден судир на интереси (ситуација каде што постои личен интерес кој што разумно од страна на другите би можело да го сметаат дека влијае на извршувањето на должностите на службеното лице, иако всушност не мора да постои такво несоодветно влијание или воопшто нема влијание);
- Потенцијален судир на интереси (постои кога службеното лице има приватен интерес што би можело да биде во судир со неговата службена должност во иднина).

Член 8

За управување со судирот на интереси службените лица може да ги преземат следните дејствија:

- преземање мерки за избегнување на каков било потенцијален судир на интереси,

- известување на непосредно претпоставениот во случај на судир на интереси;

- барање на мислење од Државната Комисија за спречување корупција и

- барање за изземање и запирање на нивното постапување под одредени околности

Член 9

Службено лице не смее да врши влијание за вработување или унапредување на блиско лице во органот во кој е избрано или именувано или во друг државен орган или јавно претпријатие, јавна установа или друго правно лице што располага со државен капитал врз кое врши надзор органот во кој лицето е избрано, односно именувано.

Избрано или именувано лице или одговорно лице во јавно претпријатие и друго правно лице што располага со државен капитал е должно да ја извести Државната комисија за спречување на корупцијата за секој избор, именување или вработување, унапредување на член на неговото семејство во државен орган, орган на локалната самоуправа, јавно претпријатие или друго правно лице што располага со државен капитал, во рок од десет дена од денот на извршениот избор, именување, унапредување или вработување.

Член 10

Функцијата градоначалник, член на Совет и други функции кои ги избира или именува Собранието на Република Македонија, Владата на Република Македонија или органите на локалната самоуправа се неспојливи една со друга.

Избрано или именувано лице и одговорно лице во јавно претпријатие или друго правно лице со доминанен државен капитал не може да врши функција на член на управен одбор или на друг орган на управување во трговско друштво или друго правно лице што се занимава со дејност со која се остварува профит.

На службено лице кое е вработено во локалната администрација, ако биде избрано за член на совет на општина, работниот однос му мирува согласно со закон, со денот на верификацијата на мандатот на член на совет.

Избрано или именувано лице не може истовремено да врши функција на одговорно лице или член на орган на управување или надзорен орган во јавно претпријатие, јавна установа или друго правно лице кое располага со државен капитал.

Член 11

Доколку службеното лице, паралелно со извршувањето на службените должности, добие понуда за ангажман од друга институција, компанија или ангажман на одреден проект кој е од јавен интерес, за да придонесе со својата стручност, тогаш службеното лице е должно тоа да го пријави до институцијата во која е вработен (барањето за дополнителен ангажман да се достави до лицето за интегритет) со цел да се оцени соодветноста на ангажманот и негово натамошно одобрување од раководството на институцијата.

Секој службеник треба да го пријави дополнителниот ангажман и секогаш да дава навремен извештај до лицето за интегритет. Лицето за интегритет ќе го оцени ангажманот, од аспект на тоа дали постои потенцијален судир на интереси при неговото реализирање и ќе го извести одговорното лице на институцијата што треба да го одобри дополнителниот ангажман. Лицето за интегритет и одговорното лице може да побараат мислење и од ДКСК во врска со оправданоста на дополнителниот ангажман за да се донесе соодветна и правно издржана одлука за понатамошно постапување.

Во случај на оправданост на дополнителниот ангажман и негово одобрување, службеното лице мора да потпише Изјава за непостоење на судир на интереси при ангажирање и заштита и доверливост на податоците, заради заштита на интересите на институцијата во кој е вработен, како и заштита на јавниот интерес.

Член 12

Лице кое стапува на функција на избрано или именувано лице, со исклучок на лицата кои стапуваат на функција која не се извршува професионално, доколку управува со трговско друштво како сопственик, е должно пред да стапи на функцијата управувањето да му го довери на друго лице или тело, освен на членови на неговото семејство, за времето на вршењето на функцијата, јавните овластувања или должности.

Лицата кои се овластени за спроведување надзор а со службеното лице се блиски лица, за кои оправдано се смета дека постои интерес што ги поврзува со службеното лице, не можат да вршат супервизорски или контролен надзор врз неговата работа.

Службеното лице во рок од две години по престанување на вршењето на јавните овластувања или должности, односно по престанокот на вработувањето, не може:

- да врши застапување како претставник на меѓународна или друга организација која со органот во кој претходно работел имаат или воспоставуваат договорен, односно деловен однос,

- да застапува правно или физичко лице пред органот во кој вршел јавни овластувања во предмети за кои како службено лице учествувал во донесување на одлуки

- да врши работи на управување или ревизија во правно лице во кое најмалку една година пред престанокот на вршењето на јавни овластувања, неговата работа била поврзана со супервизорска или надзорна функција.

Избрано или именувано лице не може да биде член на управен или надзорен орган во јавните претпријатија и сите други правни лица со доминантен државен капитал, освен ако со закон не е поинаку утврдено.

Вработен во јавниот сектор може да биде член во еден управен или надзорен орган во јавните претпријатија и други правни лица со доминантен државен капитал.

Службено лице во вршењето на својата функција, јавни овластувања или должности не може да воспостави деловни односи со правно лице кое е во негова сопственост или во сопственост на член на неговото семејство или во кое тој или член на неговото семејство поседува акции или удели или кое го основал тој или член на неговото семејство или во кое одговорното лице е член на неговото семејство.

Член 13

Правно лице чиј основач или сопственик било или е избрано или именувано лице или чиј основач или сопственик е или било член на неговото семејство или во кое член на неговото семејство е одговорно лице или во кое избрано или именувано лице односно член на неговото семејство, поседува удели или акции не може да биде корисник на грант, заем односно финансиска поддршка од единица на локалната самоуправа.

Службено лице не смее да врши незаконско влијание во постапка за јавна набавка.

Секое службено лице е должно да ги чува државните средства што му се доверени и со нив да располага на најекономичен начин и за однапред определените намени.

## III. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 14

За се што не е предвидено со овој Правилник важат одредбите Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Законот за вработените во јавниот сектор, како и од другите позитивните законски прописи.

Член 15

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Штип“.

**Општина Штип**

**Градоначалник**

**Иван Јорданов**